Централен депозитар за хартии од вредност
ЦДХВ АД
Бр. 01-1405/1
11.03.2019 год.
Скопје

ЦЕНТРАЛЕН
ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

## ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ

## 2018 ГОДИНА

Скопје, Март 2019 година

# 1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2018 година ги опфаќа условите на деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции според принципот „испорака наспроти плаќање";
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Ваквата законска одредба беше основата за активностите на Депозитарот реализирани во 2018 година.

## 2. Деловно окружување

Глобалниот раст на светската економија за 2018 година претставува умерен раст во услови на висока несигурност и се проценува на 3,7 % и покрај послабите резултати во некои економии, особено Европа и Азија. Трендот на опаѓање на глобалното производство резултираше во послаб раст на глобалната трговија. Ризиците кон глобалниот раст беа со надолна тенденција пред се поради знаците за забавување во втората половина од годината. Ескалацијата на трговските тензии, зголемувањето на царините што беа донесени во САД и во Кина, како и затегнувањето на финансиските услови особено со оглед на високиот степен на јавен и приватен долг, се' повеќе се заоструваа и беа клучни за ваквите тенденции.

Актуелно беше и зголемувањето на јазот меѓу богатите и сиромашните (inequality) односно концентрацијата на богатството кај мал број на луѓе. Заложбите за поправедно оданочување на најбогатите може да придонесе за инвестирање во општото здравство, образованието и другите јавни услуги кои го намалуваат јазот меѓу богатите и сиромашните и меѓу жените и мажите.

Економската активност во ЕУ и во еврозоната минатата година беше умерена поради комбинацијата од внатрешни и надворешни фактори. Додека умереноста на растот веќе беше утврден, забавувањето во втората половина на 2018 година се покажа како поизразено отколку што се очекуваше. Посебните домашни фактори придонесоа за губење на динамиката на раст во втората половина на годината. Тие вклучуваат нарушување на производството на автомобили во третиот квартал, како и социјалните тензии и несигурноста во фискалната политика во некои земји-членки. И покрај овие настани, основите на европската економија остануваат здрави. Конечно, голема несигурност се уште го опкружува Брегзит.

Севкупно, прогнозата за раст на БДП за Европската Унија и еврозоната во 2018 година е проценета на 1,9% со стапки на инфлација од 1,9% и 1,7% соодветно.

Во ваквото опкружување Депозитарот својата активност ја остваруваше под влијание и на повеќе домашни фактори на ризик.

2018 година е значаен момент во историјата на Македонија како независна држава. Оваа година, со постигнувањето договорот помеѓу двете земји, државата направи одлучен чекор во долготрајниот спор со Грција околу нејзиното уставно име. Разрешувањето на спорот за името кој предизвикуваше политичка и економска штета уште од 1991 година се очекува да го забрза процесот на пристапување на Македонија во Европската Унија и да овозможи подлабоко да се интегрира со регионалните и светските пазари.

На домашен план, според макроекономските индикатори објавени од Министерството за финансии, во 2018-та реалната стапка на раст на БДП е 2,8%, поттикнат од потрошувачката, закрепнувањето на инвестициите и растот на извозот, темелени на довербата на инвеститорите која се зголеми како што беше обновена политичката стабилност. Инфлацијата од 1,5 % е резултат на поизразеното влијание на цените на храната и енергијата, имајќи го предвид растот на цените на овие производи на светските пазари и со тоа повисоките увозни цени.

Во поглед на економската активност, според НБРМ, и покрај разочарувачкиот прв квартал, понатамошните показатели упатуваа на солидни поместувања во економијата во останатите квартали (забрзан раст на активноста во индустријата и прометот во трговијата, како и висок раст на извршените градежни работи).

Врз основа на оцената на поволните економски и финансиски услови, како и на постоечките ризици, НБРМ во текот на годината двапати ја намали основната каматна стапка односно од 3% на 2,50% како одраз на поволните движења во економијата.

Што се однесува до пазарот на капитал, на Македонската берза изминатата година продолжија нагорните трендови од 2016/17 година. Беа остварени забележително позитивни резултати што се ефектуираше во пораст на берзанскиот индекс МБИ10 за 36,64%, пазарната капитализација за 18,95%, бројот на трансакциите за 47,48% и на прометот за 119,78% пред се како резултат на зголемувањето кај блок транскациите за 189,44% и класичното тргување за 59,71%. Вкупно реализираниот промет изнесуваше 10,4 милијарди денари (4,7 во 2017) односно 169 милиони евра (77 во 2017). За одбележување е што дури 40% од прометот е остварен со тргување на акциите на Комерцијална банка АД Скопје.

Во 2018 година, како резултат на поволните ефекти од аспект на транспарентоста и одговорноста на акционерските друштва беше продолжена задолжителната котација за уште две години. Во услови на зголемена заинтересираност на домашните инвеститори странските инвеститори не покажаа знаци на интерес за позначајно присуство на македонскиот пазар на хартии од вредност на куповната страна што резултираше со намалување на учеството во главнината кај 9 друштва од МБИ10.

Состојбата на државните хартии од вредност на крајот на годината изнесуваше 97.208 милиони денари. Споредено со крајот на 2017 година, состојбата на државните хартии е повисока за 4.624 милиони денари кое зголемување произлегува од зголемувањето на состојбата на државните обврзници, додека состојбата на државните записи бележи пад.
Како резултат на тоа продолжи трендот на раст на состојбата на подолгорочни хартии од вредност.

При крајот на годината Министерството за финансии објави дека државните хартии од вредност ќе котираат на Македонската берза што претставува чекор кон развивање на пазарот на капитал со што ќе станат достапни за повеќе инвеститори - како во земјата, така и во странство особено преку заедничката платформа на берзите од регионот СЕЕ линк. Исто така, во 2018 година за првпат беше издадена 30-годишна државна обврзница, што укажува на доверба на инвеститорите во економските политики што се спроведуваат.

# 3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2018 година

## Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2018 година:

- **Евидентирање на издавачи и иматели на хартии од вредност**

***Хартии од вредност***

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2018 година.

| | Број на активни ИСИН-и | Издадена количина | Номинален капитал |
|---|---|---|---|
| **Акции** | 500 | 384.879.405 | 212.755.993.889 |
| **Обврзници** | 169 | 1.086.554.391 | 68.168.115.011 |
| **Останати ХВ** | 22 | 3.264.883 | 32.648.830.000 |

***Сметки на иматели***

Структура на сметки, по типови сметки, во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2018 година.

| Тип на сметка | Номинален капитал (МКД) 31.12.2018 | % промена во однос на претходната година | Број на сметки 31.12.2018 | % промена во однос на претходната година |
|---|---|---|---|---|
| **Сопственичка сметка** | 230.877.359.196 | 6,71 | 67.494 | -3,82 |
| **Портфолио сметка** | 125.963.193 | -25,33 | 128 | 31,96 |
| **Застапничка сметка** | 19.896.059 | -68,91 | 11 | -8,33 |
| **Старателска сметка** | 39.815.978.070 | 2,74 | 53 | -23,19 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Други сметки** | 42.733.742.370 | -21,17 | 4.546 | -2,07 |

***Структура на иматели***

Структура на инвеститори според тип во системот на ЦДХВ со состојба на ден 31.12.2018 година.

| **Инвеститор** | **31.12.2018** | **31.12.2017** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| **Домашни физички лица** | 67.009 | 69.608 | -3,73 |
| **Домашни правни лица** | 2.015 | 2.054 | -1,90 |
| **Странски физички лица** | 1.128 | 1.145 | -1,48 |
| **Странски правни лица** | 174 | 195 | -10,77 |

- **Утврдување и порамнување на трговски трансакции**

***Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза***

Порамнети трансакции во 2018 година склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| **МБХВ** | **Вредност 2018 година (МКД)** | **Вредност 2017 година (МКД)** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 10.416.058.219 | 4.740.486.330 | 119,73 |
| **Количина ХВ** | 13.413.529 | 6.662.493 | 101,33 |
| **Број на трансакции** | 23.931 | 16.227 | 47,48 |

**Вредност на порамнети трансакции по членка МКД (куповна и продажна страна)**




**Број на порамнети трансакции по членка (куповна и продажна страна)**




## *Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2018 година (МКД) | Вредност 2017 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| **Вредност (МКД)** | 2.644.526.018 | 4.751.776.452 | -44,35 |
| **Количина ХВ** | 264.554 | 476.924 | -44,53 |
| **Број на трансакции** | 30 | 38 | -21,05 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 6 учесници на продажна страна и 8 учесници на куповна страна.

### ❖ Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ во текот на 2018 година по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| | 2018 година | 2017 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 1.051 | 673 | 56,17 |
| Подарок | 321 | 215 | 49,30 |
| Судски одлуки | 4 | 19 | -78,95 |

### ❖ Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

**Корпоративни активности на акционерските друштва во 2018 год.**

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2018 година:

| Активност | БРОЈ |
|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 7 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 8 |
| Нови емисии на постоечки АД | 8 |
| Евидентиран стечај на АД | 6 |
| Евидентирана ликвидација на АД | - |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 2 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | 2 |
| Поделба на акции | - |
| Останато | 10 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2018 година се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

**Постапки за преземање на акционерски друштва во ЦДХВ**

Во текот на третиот квартал од 2018 година, завршени се активностите за превземање на ГД Тиквеш АД Кавадарци. Имено, заклучно со 19.09.2018 година, во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, во целост е спроведена постапката на преземање на ГД ТИКВЕШ АД Кавадарци од страна на лицето Ристо Милев од Кавадарци. Понудата за преземање ја прифатија двајца иматели на акциите на ГД Тиквеш АД Кавадарци, по што целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на НЛБ Банка АД Скопје.

На сметката за хартии од вредност на преземачот се префрлени вкупно 15.981 акции или 23,501 % од вкупниот број на обични акции издадени од друштвото, а по одбивање на провизијата за ЦДХВ на неговата трансакциска сметка се вратени парични средстав во износ од 1.958.547 денари.

### ❖ Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2018 година:

| Државни хартии | број на емисии во 2018 година | износ (МКД) |
|---|---|---|
| нови емисии на шестмесечни записи | 3 | 899.440.000 |
| нови емисии на едногодишни записи | 22 | 33.999.250.000 |
| нови емисии на континуирани државни обврзници | 29 | 22.022.930.000 |
| **Вкупно** | 54 | 56.921.620.000 |
| | | |
| емисии на доспеани шестмесечни записи | 9 | 3.451.750.000 |
| емисии на доспеани едногодишни записи | 26 | 37.295.210.000 |
| пресметани купони и главници од континуирани државни обврзници | 188 | 13.593.190.156 |
| **Вкупно** | | **54.340.150.156** |

Во доменот на регистрирањето и водењето на обврзници чиј издавач е Министерството за финансии на Република Македонија, извршени се повеќе активности.

- Во текот на 2018 е запишана структурната обрзница – Обврзници за денационализација од Седумнаесетта емисија. Обврзницата е издадена со износ од 5.000.000 евра, а регистрирани се обврзници на 444 физички лица и на 7 верски објекти.
- Извршена е пресметка на рати и камати по основ на Обврзници за денационализација од седма до шеснаесетта емисија. Истовремено целосно е доспеана Седмата емисија на обврзници за денационализација.

- **Овозможување на право на увид во акционерска книга**

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2018 година во Депозитарот се спроведени следните активности:

| | |
|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 83 |
| Копија од акционерска книга | 40 |

- **Известувања согласно Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот**

На почетокот на 2018 година беше реализирана обврската на Депозитарот за испраќање на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 340 акционерски книги (по ИСИН број), до 324 акционерски друштва. Бројот на испратени акционерски книги е значително помал од бројот на регистрираните емисии на акции, согласно Точката 6.2 од Правилата за работа, според која акционерска книга со состојба 31.12. од претходната година не се доставува до издавачи за кои е утврден пасивен статус на издавач, како и до издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година.

Согласно Законот за хартии од вредност, при регистрирање на хартиите од вредност и при секоја настаната промена на сопственоста, Депозитарот е должен на сопственикот на хартии од вредност да му достави извод од состојбата на сметка на хартии од вредност, без надоместок и во рок од пет работни дена од регистрирањето, односно настанувањето на промената. По овој основ во текот на 2018 година до имателите беа испратени 17.195 известувања.

Со регистрирањето на Седуманесетатта емисија на обврзници за денационализација, до имателите се испратени 442 известувања.

## 4. Членки на Депозитарот

На почетокот на 2018 година бројот на членки на Депозитарот изнесуваше 11 членки, од кои 6 беа банки, а останатите 5 членки брокерски куќи и истата состојба остана непроменета до крајот на 2018 година.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2018 | 31.12.2018 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6 | ЕС | ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9 | ТН | НЛБ ТУТУНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11 | СП | ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

## Поведени дисциплински постапки кон членките на Депозитарот

Во текот на месец март 2018 година поведена е дисциплинска постапка кон една членка поради непорамнета трансакција во редовниот циклус на порамнување заради нерезервирање на сопственичка позиција за тековната продажба. Целта на резервациите при склучување на купопродажни трансакции со хартии од вредност е да ги заштити интересите на инвеститорите и да овозможи сигурност при тргувањето на пазарот на капитал. Спроведената дисциплинска постапка резултираше со донесување Одлука на Одборот на директори, по предлог на Дисциплинската комисија на Депозитарот, за изрекување на дисциплински мерки кон членката. Дисциплинските мерки се состоеја од јавно објавување на Одлуката на интернет страната на Депозитарот и дополнителна мерка членката во рок од 30 работни дена во своите интерни акти да воведе контролни механизми кои ќе бидат во функција на осигурување дека на денот на тргувањето, членката ја има обезбедено определената количина на хартиите од вредност за продавање, за секоја поединечна трансакција. Од страна на членката, во рамките на определениот рок, доставен е *Правилник за постапување при резервација и обезбедување на хартии од вредност за продажба.*

## Теренски контроли на членките

За потребите на спроведување на редовни годишни теренски контроли, во четвртиот квартал на 2018 година Извршниот директор донесе *План за теренска контрола на членките на Депозитарот за 2018 година* и *Упатство за начинот, времето, предметот, тимот и постапката за спроведување на теренска контрола на членки на Депозитарот за 2018 година.* Врз основа на претходно утврдени критериуми избрани се три членки кои беа предмет на контрола. За извршените контроли беа изготвени и доставени записници до контролираните членки.

## Примена на Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд

Во текот на 2018 година не беше спроведена ниту една постапка согласно Правилата за начинот на формирање и користење на Гарантниот фонд бидејќи во текот на годината не беа констатирани ненавремени уплати на парични средства за порамнување на берзански трансакции на сметките на членките на Депозитарот за порамнување.

Во текот на 2018 година имаше една непорамнета трансакција, поради отворена стечајна постапка над издавачот на акциите.

# 5. Активности во делот на информатичката технологија

Покрај основните активности кои беа извшувани во ЦДХВ во делот на информатичката технологија, а кои значеа одржување на функционалноста на системите на Депозитарот за извршување на неговите основни функции уредени со Законот за хартии од вредност и Правилата на Депозитарот, во текот на 2018 година беа преземени и следните активности:

**Активности во врска со интегрирањето на ИТ центрите на МБХВ и ЦДХВ**

Во текот на 2019 година, Берзата и Депозитарот склучија *Договор за стратегиска соработка во областа на информатичка технологија и човечки ресурси во организационите единици за информатичка технологија на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје и Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје*, Берзата и Депозитарот. Целта на овој Договор е постигнување на подобар квалитет на услугите кои ги нудат двете институции – МБХВ и ЦДХВ, намалување на трошоците во врска со инвестициите во информатичка технологија, подобрување на вештините на вработените што ќе резултира во поголема ефикасност, воведување на менаџмент на информатичка технологија со соодветни стратегии, проектни планови и доделување на задачи, подобро искористување на ресурсите, воведување на заедничко управување при развој во делот на ИТ и подобрување на улогата на деловната страна на услугите во ИТ при дефинирањето и извршувањето на функциите на двете институции. Финансиските аспекти од интегрирањето на ИТ центрите се уредени со посебен Иницијален инвестициски протокол каде што се дефинира активностите, набавките на средства на Депозитарот и МБХВ во соодветен пропорционален износ.

Врз основа на овие акти во текот на 2018 година беше направена е првична анализа и план за адаптација и надградба на постојната архитектура на информатичкиот систем на Депозитарот за крајно да се спроведе миграција на системите на двете институции во таа околина.

За потребите на заедничкиот ИТ центар со Македонската берза, виртуелизацијата на целокупната кор бизнис инфраструктура која беше поставена на софтверската платформа Microsoft Hyper-V беше заменета со софтверскиот пакет VMWare. За таа цел исто така беше спроведена набавка на овој софтвер откако претходно беа испратени барања до истите компании да достават понуди (Неоком АД, Асеко и Семос), а како најповолна е избрана понудата на команијата Неоком. Оваа активност беше финансирана со средства на Депозитарот и МБХВ во соодветен пропорционален износ.

Притоа, извршена е набавка SSD дискови за зголемување на капацитетот на сториџ уредот, во четвртиот квартал е набавен нов хардверски уред firewall Palo Alto 820, како редундантен уред на постоечкиот firewall PaloAlto820. Новиот уред е поврзан да работи во HA (High Availability) режим на работа со постоечкиот при што лиценците за заштита од напади, за Bright cloud филтрирање на WEB сајтови како и премиум партнерската подршка се набавени за работа во овој режим.

Кон крајот на декември 2018 година, Комисијата за хартии од вредност на РМ достави известување до Депозитарот со кое укажа на потребата од регулирање на заедничкиот ИТ центар во акти на институцијата на кои Комисијата дава согласност. Во врска со ова од страна на Депозиотарот беше иницирана средба со Комисијата на која подетално беше презентиран концептот и целите на заедничкиот ИТ центар.

## Портал за имателите и издавачите на хартии од вредности

Во третиот квартал од 2018 година се пушти официјално во употреба новиот дистрибутивен систем – Портал за имателите и издавачите на хартии од вредности. На отварањето на Порталот му претходеше успешно тестирање на функционалностите на новиот систем, при што се изготвија и корисничките упатствата за корисниците на системот. Се подигна тест околина за Порталот, база на податоци и веб сервер, кои ќе се користат за понатамошно развивање и тестирање на функционалностите на Порталот.

## Мигрирација на постоечкиот кор систем на Депозитарот

Во 2018 година се изврши целосна мигрирација на постоечкиот кор систем на Депозитарот во виртуализирана околина со што воедно се обезбедија оптимални информатички, технички, комуникациски и технолошки капацитети на Депозитарот за извршување на сите негови функции, вклучително и реализација на развојните активности. Дел од овие развојни активности се реализирани паралелно со изведувањето на втората фаза од Проектот за функционална надградба на ЦДХВ АД Скопје за развој на нов Портал за потребите на инвеститорите и издавачите регистрирани во Депозитарот. Во оваа постапка целосно е мигрирана базата на податоци, веб сервисите развивани за потребите бекофис апликацијата на членките и апликацискиот сервер. Измигририрана е и официјалната веб страна на Депозитарот на новата хардвеска опрема во Депозитарот.

## Развојни активности и набавка на хардверска опрема и лиценциран софтвер

Покрај тековните активности за непречено функционирање на системот на Депозитарот, ИТ тимот активно учествуваше во развојните активности како на апликацијата и базата на податоци, така и на дизајнирање и имплементација на безбедносните протоколи при што е воведен нов мрежен уред Firewall PaloAlto – 820 за потребите на заштитата и безбедноста на системот на Депозитарот.

Набавен е нов антивирусен програм Symantec EndPoint Protection за една година, како резултат на потребата од набавка на нов софистициран антивирусен програм поради измените кои ги воведе компанијата Panda, услугите за постојано надградување со нови верзии на софтверот да ги нуди само во клауд околина, како и поради воведување на нов дистрибутивен систем за иматели и издавачи на ХВ каде Депозитарот се отвара кон своите корисници преку интернет и нуди нови услуги во нова мрежна околина.

## Одржување на хардверска и мрежна опрема и комуникациски линии

Како дел од активностите за одржување и обнова на хардверската опрема во 2018 година набавени се 3 нови персонални компјутери и монитори, еден печатач во боја, како и резервни делови. Набавени и се 20 нови УПС уреди за непрекинато на напојување на персоналните компјутери.

Спроведено е редовоно годишно одржување и тестирање на исправноста и функционалноста на ППЗ системот инсталиран во систем салата на Депозитарот.

Продолжен е договорот за интеренет симетричен пристап од 2 Mbps со компанијата Неотел а за потребите на новиот дистрибутивен систем на Депозитарот.

Спроведено е редовоното годишно одржување и тестирање на исправноста и функционалноста на клима уредот Штулц во систем салата на Депозитарот, како УПС уредите за непрекинато напојување на серверските уреди. Исто така направен е годишен сервис на дизаел агрегатот.

Извршена е замена на филтер на клима уредот Штулц во систем салата на Депозитарот.

**Disaster Recovery локација на Депозитарот**

Во четвртиот квартал од 2018 година, Депозитарот ги презеде сите потребни активности за воспоставување на нова Disaster Recovery локација на Депозитарот, за што е склучен договор со компанијата Неоком. Како Disaster Recovery решение Депозитарот ја користи т.н. услуга DRaaS-Z која претставува решение базирано на Zerto технологија, за репликација на виртуелни машини од on-premise инфраструктура на Депозитарот во дедициран виртуелен дата-центар на компанијата Неоком АД Скопје. Услугата овозможува RPO во секунди и минути, наместо во часови и денови. Сите сегменти на решението можат да се управуваат од страна на Депозитарот, при што е обезбедена целосна контрола, како и увид во заштитата, односно RPO. Главните предности на DRaaS-Z се помали трошоци во однос на другите решенија, непрекината репликација, независноста од хардверската опрема на Депозитарот, како и автоматизацијата на сите софтверски процеси. За поврзување на новата Disaster Recovery локација на Депозитарот со системот за порамнување на НБРМ, воспоставена е податочна линија, за што е склучен договор со компанијата Неотел.

## 6. Правни и нормативни активности

❖ **Изменување и дополнување на акти на Депозитарот кои подлежат на согласност од КХВ**

**Статут на ЦДХВ АД Скопје**

Во текот на 2018 година Одборот на директори утврди Одлука за изменување и дополнувања на Статутот на друштвото поради усогласување на актот со одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва. Поконкретно, со измените и дополнувањата се изврши намалување на процентот кој Депозитарот, врз основа на годишната сметка, задолжително го одделува од нето добивката за општиот резервен фонд, на најмалку 5%, додека износот на средствата не достигне една десетина од основната главнина. Останатите измени беа предложени како резултат на потребата од регулирање на нова база на податоци во информацискиот систем на Депозитарот, заради воведување на дистрибутивниот систем на податоци.

Измените и дополнувањата беа утврдени од Одборот на директори на 26.04.2018 година и потоа усвоени на годишното Собрание на акционери на Депозитарот на 28.05.2018 година, по што беа доставени на согласност до КХВ. КХВ, на 22.06.2018 година, донесе Решение со кое се дава согласност на измените на Статутот.

**Тарифа на ЦДХВ АД Скопје**

Воведувањето на новите услуги на Депозитарот, во делот на електронска дистрибуција на информации, наметна потреба од утврдување на тарифни надоместоци за новите услуги кои ќе се бидат достапни за корисниците. За таа цел во текот на вториот квартал на 2018 година, стручните служби на Депозитарот извршија компаративна анализа на надоместоците за овој тип на услуги кои ги наплатуваат депозитарите во регионот, и анализа на надоместоците кои би се наплаќале од Депозитарот, во насока на промоција и стимулација за поголемо користење на дистрибутивниот систем на Депозитарот.

Дополнително, досегашната практика наметна дефинирање на нова тарифна ставка за порамнување по принципот „Испорака наспроти плаќање„ за трансакции склучени на овластена берза за државни хартии од вредност (освен обврзниците за денационализација), за кои Депозитарот нема да наплатува надоместок од членките (берзански посредници) поради обезбедување на еднаков третман на надоместокот за порамнувањето на трансакциите со државни хартии од вредност склучени преку шалтер. Со Одлуката се воведе и наплата на надомест за распределба на хартии од вредност во постапка на доброволна ликвидација, за што е предвидена иста висина на износот на надоместокот, како и за распределба при статусни промени, со тоа што максималниот износ на надоместокот не може да изнесува повеќе од 600.000 денари. Максимален праг на износ на надоместок во висина од 600.000 МКД се предложи и за пренос на сопственост над хартии од вредност заради вложување како непричен влог во трговско друштво, од причина што досегашната пракса покажа дека поради не постоење на горна граница, овој тип на пренос на хартии од вредност претставуваше дестимулирачки фактор за вложување на хартии од вредност при основање на трговски друштва или при зголемување на главнината на трговски друштва.

На 18.06.2018 година, Одборот на директори ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на *Тарифата на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на Депозитарот и корисниците на неговите услуги - Пречистен текст, број 01-7170/2 од 30.12.2016 година*, по што истата веднаш беше доставена на согласност до Комисијата за хартии од вредност. Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 23.07.2018 година донесе Решение на бр.УП1 08-34 со кое се дава согласност на Одлуката.

**Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје**

На седница на Одборот на директори на Депозитарот одржана на 13.11.2018 година, увоена е Одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Со измените на Правилата за работа, во делот на дефиниции на термините, се воведоа дефиниции за прекугранично порамнување и прекугранична трансакција, а се воведе и нов вид на сметка покрај веќе постоечките, сметката за прекугранично порамнување. Овие нови одредби ќе бидат во корелација со Правилата за поврзување со странски депозитари или странски институции кои вршат порамнување на трансакции со хартии од вредност, а кои треба да бидат донесени во наредниот перод.

Понатаму, со измените на Правилата за работа се воведе можноста на членките – берзански посредници да отвораат сопственички сметки за хартии од вредност

директно во системот на ЦДХВ, со што ќе се промени долгогодишната пракса отворањето на сметките да го врши исклучиво ЦДХВ на барање на членките. Во делот на членките, во Правилата за работа се воведува нова одредба која кореспондира со одредбата во новите Правила за членство, со која се уредува кои субјекти во какво својство на членка можат да се јават при користење на услугите на ЦДХВ.

Во делот на упис на хартиите од вредност се уреди постапката во ЦДХВ при пренос на хартии од вредност кои биле во сопственост на бришано друштво врз основа на одредбите на Законот за трговски друштва.

Во делот на утврдување и порамнување на трансакции со хартии од вредност извршени се измени и воведени се нови одредби за да се рефлектира новата улога на членките – чувари, која тие ќе ја имаат во порамнувањето на паричната страна на трансакциите.

На 19.12.2018 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија донесе Решение со кое се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Правилата за членство на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје АД Скопје**

На седница на Одборот на директори на Депозитарот одржана на 13.11.2018 година, увоен е нов текст на *Правилата за членство на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје АД Скопје*. Донесување на нов текст на Правила за членство беше предивикано од измените на Законот за хартии од вредност објавени во мај 2018 година, со кои се воведе можност покрај овластените учесници на пазарот на хартии од вредност, членки во ЦДХВ да бидат и банки без дозвола за работа со хартии од вредност од Комисијата, доколку банката ги користи услугите на депозитарот само за порамнување на трансакции со хартии од вредност склучени на пазари преку шалтер организирани од страна на Народната банка на Република Македонија и банки со добиена согласност од Народната банка на Република Македонија за давање на услуги на чување на имот. На 19.12.2018 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија донесе Решение со кое се дава согласност на Правилата за членство на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје АД Скопје .

❖ **Активности на Депозитарот во врска со измени во легислативата**

**Измени на Законот за хартии од вредност**

Во текот на вториот квартал од 2018 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, во кој дел од измените беа направени на иницијатива на Депозитарот.

Поконкретно, со измените се овозможи порамнување на прекугранични трансакции преку поврзување на депозитарот со странски депозитари и се овозможи банки во Република Македонија кои вршат активност чувар на имот или склучуваат трансакции на пазарот преку шалтер да бидат директни учесници во постапката на порамнување на трансакциите со хартиите од вредност, со одложена примена од ноември 2018 година. Дополнително, беа опфатени сите случаи кога се врши нетрговски пренос со хартии од вредност, како што се: вложување како непаричен влог при основања и зголемување на основна главнина во трговски друштва и

статусни промени во согласност со Законот за трговските друштва, распределба по завршување на постапки за стечај и ликвидација и кога врз основа на закон се наложува пренос на сопственост на хартии од вредност.

**Законот за финансиски инструменти**

Како резултат на донесувањето на нова законска регулатива на пазарот на хартии од вредност, со која постојниот Закон за хартии од вредност ќе биде заменет со два нови закони - *Закон за финансиски инструменти* и *Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски на издавачите за транспарентност*, во текот на месец август 2018 година до Депозитарот доставен е на мислење екстракт од Законот за финансиски инструменти. По однос на доставениот текст, Депозитарот достави свои коментари и сугестии до Министерството за финансии и притоа изготви кореснодентна табела во однос на транспонирање на Европската регулатива за депозитари, со цел да се забрза процесот на развој и усогласеност со законодавството на ЕУ во оваа област.

❖ **Интерни процедури**

**Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам-Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје**

Во рамките на четвртиот квартал во 2018 година, стручните служби на Депозитарот работеа на донесувањето на новата Програма како обврска од новиот Закон за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам. За целите на донесување на новата Програма, претходеа консултации со преставници на банките и добиена е неформална согласност на содржината на Програмата од страна на Управата за финансиско разузнавање. На седница на Одборот на директори на Депозитарот одржана ан 24.12.2018 година е усвоена новата Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Техничко упатство за утврдување и порамнување на трговски транскации на Депозитарот**

Како резултат на Одлуката на Одборот на директори на Берзата со која се изврши измена на времетраењето на тргувањето со хартии од вредност на Берзата, и почнувајќи од 03.09.2018 година, времетраењето на тргувањето наместо до 13:00 часот трае до 14:00 часот, во текот на месец август донесени се измени на неколку пункта во *Техничкото упатство за утврдување и порамнување на трговски трансакции на Депозитарот.*

Поконкретно, усогласено е времето кај двократното испраќање на податоците по завршување на трговскиот ден:

- Во 14:15 часот (претходно беше 13.15 часот) при што иницијално се испраќаат податоците за склучените трансакции.
- Тајмингот во 15:50 кога склучените трансакции се официјализирани останува непроменет.

По потреба тргувањата може да се испратат и повеќе пати, во периодот помеѓу иницијалното 14:15 (претходно беше 13.15 часот) и конечното испраќање на тргувања (15:50).

**Интерни процедури заради формализирање на тековни процеси во Дирекцијата за деловни операции**

Во февруари и март 2018 година беа донесени интерни процедури заради формализирање на тековни процеси во Дирекцијата за деловни операции и тоа:

- Инструкција за утврдување на формата, содржината и начинот на пополнување на Образецот и начин на спроведување на нетрговски пренос
- Инструкција за утврдување на условите, начинот и постапката на евидентирање на издавачи со блокиран статус во системот на ЦДХВ
- Инструкција за утврдување на условите, начинот и постапката на евидентирање на издавачи со пасивен статус во системот на ЦДХВ.

## ❖ Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РМ

Во текот на 2018 година Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Воедно, во повеќе наврати, на ad hock основа, Депозитарот на барање на КХВ доставуваше податоци за евидентирани состојби во неговиот систем.

## ❖ Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори

На 28.05.2018 година одржана 23-та седница на Годишно собрание на акционери на ЦДХВ. Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, одлучуваше по однос на следните материјали:

1. Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година.
2. Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година, колективно и од аспект на поединечни членови,

3. Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година.
4. Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво со Извештај од овластен ревизор за ревизијата на финансиските извештаи за 2017 година и Извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за резултати од извршената контрола.
5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката оставарена по годишната сметка за 2017 година.
6. Предлог Одлука за пренос на дел од резервите во акумулирана добивка на Друштвото.
7. Годишен извештај за работењето на Одделението за внатрешна ревизија за 2017 година.
8. Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2017 година.
9. Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2018 година.
10. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.
11. Предлог Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2018 година.
12. Предлог Одлука за одобрување на Програмата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2018 година.
13. Известување за поднесена оставка на Драги Тасевски од функцијата неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
14. Предлог Одлука за избор на Кристијан Павловски како член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
15. Предлог Одлука за утврдување на надомест на неизвршните членови на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

На 19 октомври 2018 година се одржа 24-то Собрание на акционери на ЦДХВ АД Скопје, на кое беше избран новиот состав на членови на Одбор на директори на Депозитарот. Истиот ден по одржувањето на Собранието, одржана е седница на Одборот на директори и извршен е избор на г-ѓа Гордана Дамеска како претседател на Одборот на директори и г-ѓа Даринка Дамјановиќ како извршен член. По изборот на извршен член на Одборот на директори доставено е Барање за согласност до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. По приемот на Решението за согласност за директор на Депозитарот, согласно овластувањето на претседателот на Одборот на директори дадено од страна на неизвршните членови на Одборот на директори, на 4-та седница одржана на 24.12.2018 година, склучен е менаџерски договор .

## ❖ Други правни и нормативни активности

- На почетокот на 2018 година, Депозитарот во својство на тужен беше странка во четири судски постапки, од кои една заврши во текот на 2018 година со Пресуда на Апелациониот суд во Скопје корист на Депозитарот, за втората и третата постапка добиени се Пресуди од Основен суд Скопје II – Скопје во корист на Депозитарот и во тек се постапки пред Апелациониот суд во Скопје, а по однос на четвртата постапка која во 2017 година заврши со правосилна пресуда на Апелациониот суд

во Скопје во корист на тужителот, без дирекни финансиски импликации за Депозитарот се одржаа неколку рочишта на кои се разгледуваше Предлог за повторување на постапката поднесен од Депозитарот. Кон крајот на месец декември поведена е нова судска постапка против Депозитарот.

- На 15.02.2018 година во Министерството за финансии се одржа состанок во врска со Дописот доставен преку Депозитарот од страна на корисниците на деловниот простор во Зградата Комплекс Банки со кој беше елаборирана состојбата со неразрешениот имотно-правен статус на просторот и беше побарано одржување на состанок со цел надминување на состојбата вон судска инстанца. На состанокот освен преставници на Депозитарот, присуствуваа и претставници од Државното правобранителство на Република Македонија, Народна банка на Република Македонија, КИБС АД, Интернационален картичен систем АД Скопје, Државен завод за статистика, Централен регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи. Претставниците на Министерството за финансии го потврдија ставот дека единствен прифатлив начин за решавање на состојбите е по пат на судска инстанца. Ова од страна на присутните преставници на корисниците на деловниот простор беше посочено како неприфатливо решение и дека решението треба да се бара во актуелната регулатива. На крајот на состанокот преставниците на Министерството за финансии беа известени дека од страна на корисниците ќе им биде доставен унифициран писмен предлог за решавање на состојбите за сите корисници заедно, вон судска инстанца, и тоа согласно фактичка состојба презентирана во Геодетскиот елаборат од 2015 година со оглед дека сметаат дека истиот како акт треба да биде појдовна основа за решавање на состојбите, и со опис на состојбите кај секоја институција поединечно. Истовремено, корисниците побараа да биде информиран и кабинетот на министерот за финансии и известија дека наредна фаза доколку не се најде друго решение со оглед дека во овој момент според преставниците на Министерството за финансии единствено решение е само поведување на судски спор, ќе се обратат до Владата на Република Македонија за изнаоѓање начин за решавање на состојбите. На почетокот на месец март 2018 година испратен е Допис до Владата на Република Македонија со цел обезбедување на делбениот биланс за предметниот деловен простор, кој треба да послужи како основ за изработка на унифицираниот писмен предлог за решавање на состојбите, делбениот биланс беше обезбеден во текот на месец јуни од страна на Министерството за финансии. Веднаш по доставувањето, истиот беше проследен до Народна банка на Република Македонија, КИБС АД Централен регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи. По приемот на делбениот биланс стручните служби на Депозитарот изготвија Предлог Допис со кој се инсистира имотно-правниот статус да биде решен вонсудските инстанци и го доставија на разгледување до претходно наведените институции, пред официјално да биде доставен до Кабинетот на Министерот за финансии. Предлог Дописот беше прифатен и од другите корисници на просторот и испратен до Министерството за финансии во текот на месец јуни, по што од Министерството е добиен повратен одговор дека повторно се обратиле до Државното правобранителство со цел насоки за понатамошно постапување.
- Во текот на месец февруари 2018 година е спроведена вонредна контрола на работењето на ЦДХВ од страна на Комисијата за хартии од вредност. Основна цел на контролата беше утврдувањето на вкупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ на последниот ден на тргување во 2017 година, што преставува основ за плаќање на надомест за надзор согласно Тарифникот на Комисијата. Согласно Записникот од контролата на ЦДХВ е усвоен и дека утврдената вкупна номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност на последниот ден на тргување во 2017 година е 271.021.643.116,47 денари. Односно, како основа за пресметката на регулаторниот надоместок беше

целокупната номинална вредност на сите запишани долгорочни хартии од вредност во ЦДХВ АД Скопје и врз основа на тоа, регулаторниот надоместок за ЦДХВ за 2018 година изнесуваше 10.840.865,72.

- Министерството за финансии на РМ, во соработка Централниот депозитар за хартии од вредност и Македонската барза за хартии од вредност работеше на измените и дополнувањата на Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност кои се однесуваат на котираните државни хартии од вредност и начините на пресметка на акумулирана камата при тргувањето.

# 7. Активности во врска со развој на електронски дистрибутивен систем на ЦДХВ

Во 2018 продолжија активностите за реализација на Проектот - Функционална надградба на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје Фаза 2 – Портал за инвеститори и издавачи. Во јануари и февруари 2018, вработени во Депозитарот вршеа функционално тестирање на порталот. Во истиот период освен на развој на функционалностите, се работеше и на изготвување на Упатства за Инвеститорите и Издавачите, како и на креирање на тест сценарија кои ќе се користат при Тестот за прифаќање (User acceptance test).

На 26.03.2018 година склучен е Анекс кон Договорот за консултантски услуги со СЕМОС ДОО Скопје, поради пролонгирање на завршните активности за стартување на дистрибутивниот систем, со вклучен период на гаранција од 1 година заклучно со 15 мај 2019 година, се со цел функционалностите на Порталот да бидат квалитативно подобрени. На 25.07.2018 е завршено тестирањето на прифаќање на системот (Acceptance test) со што е завршена фазата на транзиција на системот. Во текот на август и почетокот на септември се изготвуваа конечните верзии на упатствата за Порталот, кој со Одлука на Извршниот директор е ставен во функција на 11.09.2018г.

Деветнаесетата годишна конференција во организација на Македонската берза АД Скопје беше прв официјален настан кој беше искористен за промовирање на услугите кои ги нуди дистрибутивниот систем за издавачите и имателите.

Со цел поширока медиумска промоција на Порталот, Депозитарот во текот на месец август потпиша договор со маркетинг агенција која изработи комуникациска стратегија, дизајн и продукција на флаери и банери, организирање и медиа тренинг за новинари и други промотивни активности. Непосредно пред пуштањето во употреба на Порталот, во формат на медиа тренинг направена е презентација на функционалностите на Порталот во присуство на новинари од економските редакции со цел приближување на придобивките од неговата употреба. На промоцијата, имаше обраќање на извршната директорка на Централниот депозитар за хартии од вредност и Фади Алрајес, претставник од Европската банка за обнова и развој од Лондон.

На почетокот на месец септември во рамките на Групацијата за работење со хартиите од вредност беше промовиран Порталот и можноста брокерите да обезбедуваат кориснички пристап за сите сопственици на хартии од вредност.

По стартувањето на Порталот, Депозитарот испрати промотивни писма до акционерските друштва кои се најголеми корисници на услугите на Депозитарот.

## 8. Меѓународна соработка

Во текот на 2018 година, Депозитарот беше во постојана комуникација со меѓународните организации во кои членува како полноправна или асоцијативна членка.

Во текот на 2018 до ANNA (Асоцијацијата на национални нумерички агенции.) и ECSDA (Асоцијација на европски депозитари за хартии од вредност) редовно се доставувани годишни извештаи, одговори на прашалници, истражувања и други документи како редовна обврска на Депозитарот како членка на овие меѓународни организации.

- Во текот на март 2018, на иницијатива на ANNA, беше спроведено гласање по електронски пат за усвојување на Насоките за доделување на ИСИН кодови (ISIN UNIFORM GUIDELINES RELATING TO ISO 6166 (8th edition), верзија од 14 март 2018г.

- Во текот на првиот квартал од 2018 година е доставен годишен извештај за работата на Депозитарот по однапред утврден прашалник до ANNA (ANNA Annual Report 2017). Депозитарот и во овој квартал продолжи со секојдневно испраќање на податоци за новозапишани и изменети емисии на хартии од вредност до ANNA.

- На 2 март во Брисел, Белгија се одржа вонредно генерално собрание на ECSDA. Агендата на собранието содржеше измена на Статутот на ECSDA во делот на промена на официјалната адреса, прием и измена на членките на ECSDA, номинирање на нови членови на Одборот на директори. ЦДХВ не учествуваше директно во работата, туку на состанокот беше претставувано со полномошно за Дора Матошиќ, извршен директор на SKDD – Хрватска.

- На 7 јуни во Париз, Франција се одржа редовно генерално собрание на ECSDA како и состанок на Бордот на директори на ECSDA. ЦДХВ не учествуваше директно во работата, туку на состанокот беше претставувано со полномошно за Ана Јовановиќ, извршен директор на Централниот регистар, депо и клиринг на хартии од вредност на Србија.

- На 28 и 29 јуни во Њујорк, САД се одржа Генерално собрание на асоцијацита на национални нумерички агенции. На собранието депозитарот учествуваше со свои претставници. Некои од позначајните одлуки се исклучување од членство на Кенија и Либија, избор на два члена на Бордот на АННА (претставници на Чиле и Јордан), како и избор на нов член на Техничкиот комитет на АННА (претставник на Турција). Претходно, на 27 јуни се оддржа настанот Meet the Market во организација на CUSIP, национална нумеричка егенција на САД, која истовремено беше и домаќин на Генералното собрание на АННА.

- Согласно резолуцијата усвоена на Генералното собрание на ANNA оддржано во Њу Јорк од 27-29 јуни, 2018, ANNA и GLEIF(Global Legal Entity Identifier Foundation) потпишаа договор за соработка во делот на поврзување на ISIN-LEI кодовите.

- На 16.10.2018 година во ISO (меѓународна организација за стандардизација) беше отворено гласањето ISO DIS 23644 за воведување на FIGI (Finacial Instrument Global Identifier) како нацрт меѓународен стандард. Гласањето беше отворено во временска рамка од 12 недели. Депозитарот како членка на ANNA и како регистрационен агент за стандардите ISIN (ISO 6166), FISN (ISO 18744) и CFI(ISO

10962) беше против воведување на овој стандард, како заеднички став на ANNA а и од повеќе технички причини, а особено од причина што за истата намена веќе постои и е во употреба стандардот за ИСИН код (ISO 6166). Депозитарот се обрати до Институтот за стандардизација на Република Македонија кој од свој страна отвори јавна расправа, и истовремено се обрати до засегнатите субјекти по ова прашање – Министерството за финансии, Комисија за хартии од вредност, Македонска берза АД Скопје и Народна банка на Република Македонија. По завршувањето на јавната расправа, Институтот за стандардизација како полноправна членка на ИСО гласаше против воведување на ISO DIS 23644, како нацрт меѓународен стандард.

- На 27.11.2018 во Брисел, Белгија се оддржа Вонредното генерално собрание на ECSDA, како и состанок на Бордот на директори. На собранието на кое присуствуваше извршниот директор на депозитарот, беа разгледани повеќе актуелни теми од доменот на работата на членките на ECSDA, а особен акцент имаше разгледувањето и ставот на ECSDA во однос на EDDI иницијативата (европска дистрибуција на должнички инструменти) на Европската централна банка. На собранието беше одлучено ECSDA да испрати заедничко писмо до Европската централна банка со свои ставови во однос на иницијативата – барање за јавна консултација во однос на издавањето и посттрговските аспекти кои би биле резултат на оваа инцијатива, проценка на останати можни решенија и транспарентност преку организирана интеракција меѓу Европската централна банка и пазарните учесници во однос на оваа иницијатива. Писмото потпишано од 25 членки на ECSDA беше испратено на 21.12.2018.

- На 27.11.2018 во Брисел, како придружен настан на Вонредното генерално собрание на ECSDA, се оддржа New Tecnology Day. На настанот присуствуваа преку 150 учесници меѓу кои и претставници на депозитарот. Беа оддржани седум презентации од страна на 20 говорници околу примената на Blockchain технологијата во посттрговските активности кај депозитарите, како и потребните усогласувања на регулативата во поглед на примената на новите технологии.

# 9. Други позначајни активности во текот на 2018 година и информации

- Во текот на првиот квартал од 2018 година, Депозитарот преку Министерството за финансии обезбеди податоци за Прашалникот за втората рунда за размена на информации за даночни цели за потребите на Глобалниот форум на ОЕЦД за транспарентност и размена на информации за даночни цели, во чие одговарање беа вклучени и други институции.

- Во текот на првата половина во 2018 година Министерството за внатрешни работи достави *Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација на имот и Акциониот план 2018-2020,* и се очекува Депозитарот да придонесе кон нејзина имплементација преку овозможување на пристап на надлежните институции до базата на податоци со коишто Депозитарот располага. Со оглед дека овој пристап би наметнал промени во информацискиот систем на Депозитарот и има финансиски, технички, и организациски импликации, беше побарано Депозитарот навремено и редовно да биде информиран за текот на оваа активност како би можел да излезе во пресрет на оваа Стратегија.

- Во текот на вториот квартал, повторно продолжија активностите околу евентуалното учество на депозитарот во проектот на Raiffeisen Bank International AG за поддршка на SEE-LINK во делот на порамнувањето. Депозитарот изрази подготвеност да ги продолжи активностите во врска со надминување на регулативните и техничките предизвици (измени на правила, воведување на SWIFT) со цел приклучување кон платформата на Raiffeisen Bank International AG за прекугранично порамнување.

- Преставници на Депозитарот во мај 2018 присуствуваа на деветнаесетата годишна конференција во организација на Македонската берза АД Скопје. Овој настан од страна на Депозитарот беше искористен за промовирање на услугите кои ги нуди дистрибутивниот систем за издавачите и имателите.

- Во рамките на FSAP мисијата на ММФ и Светската банка во Република Македонија, во септември 2018 се оддржа состанок помеѓу претставници на депозитарот и ескпертите од мисијата. На состанокот беа дискутирани повеќе теми од делокругот на работата на депозитарот: управување со ризици во процесот на порамнување, врски со НБРМ, односи со КХВ, обврски за задолжителни известувања кон КХВ, план за континуитет на работата на депозитарот, кризен менаџмент и др.

- Во врска со измената на Законот за хартии од вредност кој се однесува на воведување на прекугранично порамнување, во јули 2018 беше оддржан состанок со претставници на CIS DOO од Нови Сад, како регионален партнер на SWIFT. На состанокот беа разгледување можностите за воведување на SWIFT, видови и процедури за членство во SWIFT, технички предуслови и др.

- На втората седница на Советот за пазарот на капитал беше донесена одлука за формирање на следниве три групи: група за правна регулатива, група за понуда за хартии од вредност и група за побарувачка на хартии од вредност кои ќе работат во насока на унапредување на пазарот на капитал. Групите ги сочинуваат претставници од повеќе институции кои го сочинуваат пазарот на капитал како инфраструктура и како институционални инвеститори, Во групите со свои претставници учествува и Централениот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Во текот на четвртиот квартал, групата за побарувачка на хартии од вредност оддржа два состаноци на кои беа дискутирани теми, особено од делот на примарниот пазар на државни хартии од вредност.

- Во 2018 година ЕБРД продолжи да работи на Проектот за техничка подршка за разрешување на неактивните сметки за хартии од вредност кои се во сопственост на домашни физички лица и кои се во најголем дел произлезени од процесот на приватизацијата, има за цел да се понуди предлог на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија за потребни измени на регулативата на РМ и да се даде поддршка при евентуално имплементирање на решение на ова прашање. Од првичните анализи констатирано е дека ЦДХВ во базата на податоци води приближно 70.000 сметки за хартии од вредност на кои нема никаква активност во период од повеќе од една година, односно сопствениците на тие хартии од вредност воопшто не тргуваат на Македонската берза на хартии од вредност. На овие сметки за хартии од вредност се водат хартии од вредност чија номинална вредност достигнува приближно 200 милиони евра. Оттука, се очекува консултантите на ЕБРД заедно со локални експерти, да предложат на кој начин би можело да се постигне заживување/активирање на овие сметки за хартии од вредност. За таа цел, во рамките на проектот планирани се анализи на законска и подзаконска регулатива, предлог измени на постојни или воведување на нови прописи, изготвување на акционен план, средби со консултантите, работилници со засегнати страни и државни институции, предлог за избор на најсоодветно решение и понатамошна

подршка за негова имплементација доколку биде донесена одлука предложеното решение да биде имплементирано. Изнаоѓање на решение за ова прашање ќе промовира зголемено усогласување со стандардите за корпоративно управување, поголема транспарентност и ликвидност на пазарот на хартии од вредност, зголемување на ефикасноста во управување на мали портфолија и слично. Корисник на проектот е Комисијата за хартии од вредност на РМ, но доколку би се имплементирало соодветно решение, од ова ќе има корист и Централниот депозитар за хартии од вредност преку подобрување на оперативната ефикасност на институцијата (бројот на сметки за хартии од вредност кои ги одржува Депозитарот би се намалил значително). Проектот започна кон крајот на 2018 година и се очекува да се финализира кон крајот на 2019 година.

- Преставници на Депозитарот присуствуваа на Традиционалната Годишна Конференција на КХВ што се одржа на 24 ноември во Струга на која беа презентирани планираните новини на Законот за финансиски инструменти.

## 10. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје на 31.12.2018 година го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| **Име и презиме** | **Работодавец / Дејност** | **Членство во органи на управување на други трговски друштва** |
|---|---|---|
| 1. Гордана Дамеска | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| 2. Коста Костовски | Еуростандард Банка АД Сопје<br>Дејност:Банкарство | ➢ ЦДХВ АД Скопје неизвршен член на Одбор на директори,<br>➢ Македонска Берза АД Скопје, Претседател на Одбор на директори<br>➢ Негорски Бањи АД Негорци, Неизвршен член на Одбор на директори |
| 3. Соња Бојаџиевска Угриновска | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| 4. Бобан Големски | ТТК Банка АД Скопје<br>Дејност:Банкарство | ➢ АД ТЕАЛ Тетово неизвршен член на Одбор на директори<br>➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |

| | | |
|---|---|---|
| 5. Проф. др. Горан Петревски | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| 6. Маргица Порчу | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност:Други финансиско-услужни дејности | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |

Годишните примања за 2018 година на наведените членови на Одборот на директори на ЦДХВ по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец (доколку се исплатени) се следните редоследно според табеларниот преглед: 1. 975.977 денари плата и 26.532 (дополнителни примања, 105.000 денари надомест за членување во Одбор на директори на ЦДХВ; 2. 2.580.000 денари плата, 105.000 денари надомест за членување во Одбор на директори на Македонска берза АД Скопје ,105.000 денари надомест за членување во Одбор на директори на ЦДХВ; 3. 734.735 денари плата, 47.885 надоместоци на плата, 30.000 денари надомест за членување во Одбор на директори на ЦДХВ; 4. 1.616.580 денари плата, 11.000 денари регрес, 72.000 денари надомест за членство во друг Одбор, 30.000 денари надомест за членување во Одбор на директори на ЦДХВ, 5. 723.596 нето плата, 834.338 надоместоци на име авторски хонорари и 180.000 денари надомест за членување во Одборот на директори на ЦДХВ, 6.801.422 денари плата, 79.217 денари награда и 30.000 денари надомест за членување во ЦДХВ, сите дадени во нето износи.

ЦДХВ АД Скопје на сите неизвршни членови на Одборот на директори во 2018 година им нема исплатено други надоместоци за членство во Одборот на директори по основ на бонуси, осигурување и други права.

Извршниот директор не членува во органи на управување на други останати друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 11 од овој Извештај.

# 11. Остварени финансиски резултати во 2018 година

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во деловната 2018 година оствари **вкупни приходи** во износ од **51.422.277 МКД**. Вкупните приходи во 2018 година се зголемени за 28% во однос на остварените приходи во 2017 година Во оваа сума се вкучени и приходите од услуги од донација во износ од 1.569.886 МКД и приходи од амортизација 300.913 МКД од донација на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) втора фаза за имплементација на дистрибутивниот систем-Портал на услуги на ЦДХВ. Приходите од донации се евидентирани во рамките на останати оперативни приходи од дејност, но и едновремено се евидентираат како расходи на име услуги од донација и расходи на име амортизација од донации евидентирани во рамките на останати расходи од дејност, со што горе наведените позиции немаат влијание во балансирањето на крајниот финансиски резултат во Билансот на успех. Зголемените вкупни приходи во 2018/2017 година се должат на повеќе реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции на овластена берза. Реализираните вкупни приходи во 2018 година се поголеми за 13% во однос на проектираните во финансискиот план на ЦДХВ за 2018 година, што значи е постигнато планираното ниво на реализација на вкупните приходи во 2018 година.

Приходите остварени од камати изнесуваат 1.048.603 МКД и претставуваат 2,04% од вкупните приходи. Овој износ произлегува од камати од орочени депозити, приходи од камати на депозити повидување и приход остварен од продажба на удели во парични фондови. Приходите по овој основ се поголеми за 15% во споредба со нивната реализација во 2018/2017 година. Во однос на планираните приходи во финансискиот план за 2018 година, приходите по овој основ покажуваат процентен пораст од 10% во 2018 година. Зголемувањето на приходите по овој основ во однос на 2018/2017 година, како и во однос на планираната проекција во финансискиот план за 2018 година, главно се должи поради поголеми вложувања во удели отколку во депозити за кои што е добиен и поголем приход со продажбата на уделите во Декември 2018 година. На 31.12.2018 година Депозитарот има денарски депозити орочени на 1(еден) до 12(дванаесет) месеци во вкупен износ од 59.100.000 МКД и орочени девизни депозити во Евра на 12(дванаесет) месеци во вкупен износ од 10.638.635 МКД или вкупно денарски и девизни депозити 69.738.635 МКД.

Приходите по основ на провизии и надоместоци за 2018 година изнесуваат 47.613.484 МКД.Приходите по основ на провизии и надоместоци покажуваат процентен пораст за 27% во 2018/ 2017 година. Во однос на финансискиот план за 2018 година , приходите од провизии и надоместоци покажуваат процентен пораст за 15%. Подетално подолу се презентирани сите видови приходи во оваа категорија:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2018 година изнесуваат 608.016 МКД. Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 1,18%. Приходите по овој основ се намалени за 36% во 2018/ 2017 година. Приходите по овој основ се помали за 36% во 2018 и во однос на планираната проекција во финансискиот план за 2018 година. Причината на ваквото намалување на овие приходи е тоа што во текот на 2018 година е фактуриран помал приход по основ на пристап од брокерските куќи, поради тоа што членките на Депозитарот имале промет од порамнување на трговски трансакции реализирани на Берза кој генерира месечен надомест од порамнување поголем од 50.000 МКД заради што можеле да го користат месечното ослободување од членарината.

- Остварените приходи по основ на порамнување на трансакции реализирани на овластена берза во 2018 година изнесуваат 21.750.146 МКД. Во вкупните приходи учествуваат со 42,30%. Овие приходи се зголемени за 107% во однос на 2018/2017 година како резултат на зголемениот берзански промет во 2018 година. Во однос на финансискиот план за 2018 година приходите по овој основ покажуваат пораст во 2018 година за 55%, што соодветно значи дека се остварени многу поголеми приходи од порамнување на трансакциите отколку во планираната проекција.

- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност изнесуваат 96.000 МКД. Приходите по овој основ се намалени 45% во однос на нивната реализација во 2018/2017 година. Реализацијата на приходите по овој основ во 2018 година се помали за 40% и во однос на финансискиот план за 2018 година. Намалување на овој приход е резултат на намален интерес за основање на нови акционерски друштва. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,18%.

- Остварените приходите по основ на годишна евиденција за акции , како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции во 2018 година изнесуваат 14.181.736 МКД. Приходите по овој основ покажуваат иста динамика на реализација во 2018/2017 година. Во однос на планираното ниво приходите по овој основ покаживаат зголемување во 2018 година за 2%.Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 27,58%.

- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 2.210.780 МКД. Приходите по овој основ учествуваат во вкупните приходи со 4,30%. Реализација на овие приходи покажуваат процентен пораст од 8% во однос на 2018/2017 година. Во однос на планираното во финансискиот план за 2018 година, приходите во 2018 година бележат пораст од 9%.

- Остварените приходи по основ на упис на нови емисии на хартии од вредност во 2018 година изнесуваат 1.520.000 МКД. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,96%. Приходите покажуваат извесно намалување од 9% во однос на нивната реализација во 2018/2017 година. Реализацијата на приходите по овој основ е за 14% помала во однос на планираното во финансикиот план за 2018 година. Намалувањето произлегува од помалку нови евидентирани емисии на хартии од вредност во системот на Депозитарот за 2018 година од страна на акционерските друштва.

- Остварените приходи од правни лица за извршени услуги по основ на регистрација на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, стандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, доставување на податоци до институции, корпоративни дејства, приходи од порталот и слично во 2018 година изнесуваат 5.937.931 МКД. Остварените приходи по овие основи покажуваат намалување за 13% во 2018/2017 година.Реализираните остварени приходи по горе наведените основи се за 21% помали во однос на планираното во финансискиот план за 2018 година. Во вкупните приходи истите учествуваат со 11,55%.

- Остварените приходи од физички лица за извршени услуги по основ на подароци на хартии од вредност, нетрговски преноси, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, изводи и слично изнесуваат 1.072.875 МКД. Процентот на нивната реализација бележи пораст за 61% во 2018/ 2017 година. Процентен пораст за 26% има кај остварените приходи по горе спомнатите основи за 26% во 2018 година во однос на планираните приходи во 2018 година. Зголемувањето на овие приходи е резултат на зголемениот интерес на акционерите да бараат услуги од ЦДХВ согласно горе наведените ставки. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,08%.

- Остварените приходи по основ на увиди и копии од акционерски книги изнесуваат 236.000 МКД. Приходите по овој основ бележат пораст во 2018/ 2017 година за 21%. Приходите по овој основ исто така покажуваат зголемување за 18% , во однос на планираната проекција во финансискиот план за 2018 година. Зголемувањето на приходите од увид и копии во акционерски книги се должи на поголемиот интерес на акционерите во 2018 година да прават увид и да земаат копии од акционерски книги. Во вкупните приходи истите учествуваат со 0,46%.

- Остварените останати приходи од дејност во 2018 година изнесуваат 2.760.190 МКД. Во овие приходи влегуваат приходите од услуги на донација, приходи од

амортизација на донација на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД) втора фаза, приходите по основ на позитивни курсни разлики, наплатени отпишани побарувања, наплатени провизии за услуги во име на други АД, приходи од поврат на Полиса на вработените, како др. наплатени приходи. Вкупните останати приходи од дејност покажуваат процентен пораст за 56% во 2018/2017 година. Вкупните останати приходи од дејност се намалени за 16% во 2018 година во однос на планираните, како резултат на до-реализација на приходите од донации на ЕБРД втора фаза која треба да продолжи во деловната 2019 година. Вкупните останати приходи од дејност учествуваат со 5,37% во вкупните приходи.

**Вкупните расходи** остварени во деловната 2018 година изнесуваат **41.370.259 МКД.** Вкупните расходи се реализирани со процентен пораст за 16% во однос на 2018/2017 година. Вкупните расходи во 2018 година се реализирани во рамките на планираните во финансискиот план за 2018 година. Во рамките на вкупните расходи се вклучени расходи на име услуги во износ од 1,569.886 МКД и расходи на име амортизација во износ од 300.913 МКД од донации на Европска Банка за обнова и развој (ЕБРД), кои едновремено се и приходни ставки во Билансот на успех. Подетално подолу се презентирани сите видови расходи во оваа категорија:

- Во 2018 година расходите за провизии и надоместоци главно се направени за провизии за банки и истите изнесуваат 119.267 МКД. Трошоците за провизии за банки се за 25% помали во 2018 /2017 година, како и за 25% помали во однос на проектираните за 2018 година. Ваквото намалување во поглед на банкарските провизии се должи на тоа што ЦДХВ во 2018 година не се јави како посредник во исплатата на дивиденда. Остварените расходи за провизии и надоместоци во 2018 година се редовните провизии од Банките за плаќања поврзани со деловното работење на трансакциските сметки во рамките на редовното работење, како и провизијата за годишното одржување на сефовите. Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 0,29%.

- Трошоците за вработени во 2018 година изнесуваат 15.931.941 МКД. Трошоците за вработените ги вклучуваат вкалкулираните бруто плати на вработените, вкалкулираниот годишен додаток за успешност на Извршниот директор на ЦДХВ АД Скопје, трошоците на вработените во согласност со колективниот договор (регрес за годишен одмор за вработените,здравствени прегледи на вработените, отпремнини на вработени за заминување во пензија), стручно оспособување на вработените. Трошоците за вработените во вкупните расходи учествуваат со 38,51%. Вкупните трошоци за вработените покажуваат процентен пораст од 12% во 2018/2017 година е резултат на исплата на групна стимулација на вработените заедно со Декемвриската плата за 2018 година, како и вкалкулираниот годишен додаток за успешност на Извршниот директор на ЦДХВ АД Скопје за успешна деловна година . Вкупните трошоци на вработените се реализирани во рамките на планираното во финансискиот план за 2018 година. Во трошоците за вработените се вградени и трошоците за бруто платата на Извршниот директор од 2.178.048 МКД.
- Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 2.598.105 МКД, што претставува 6,28% од вкупните расходи. Трошокот на амортизација покажува зголемување за 86% во 2018/2017 година како резултат на активирањето на инвестициите во тек во материјални и нематеријални средства во 2018 година. Намалување на трошокот на амортизација во однос на планираниот трошок во финансискиот план за 2018 година за 14% е поради отписот на дел од материјалните средства.

- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2018 година изнесува 1.483.324 МКД. Исправката на вредност на побарувањата од акционерски

друштва, како трошковна ставка учествува со 3,59% од вкупните расходи на ЦДХВ за 2018 година. Истата покажува зголемување од 20% во однос на 2018/2017 година. Ако се изврши споредба на трошокот по основ на исправката на вредност на побарувањата на АД во 2018 година во однос на планираното за 2018 година, трошокот по овој основ бележи иста динамика. Во рамките на трошокот на име исправката на вредност на побарувањата е редовната исправка на акционерски друштва кои доцнат во наплатата, исправка на акционерски друштва во стечај, бришани акционерски друштва како и до-исправката на акционерски друштва за кои според утврдени критериуми е направено обезвреднување поради неизвесноста на нивните плаќања.

- Останатите расходи од дејност изнесуваат 21.237.622 МКД. Вкупните останати расходи учествуваат со 51,34% од вкупните расходи на ЦДХВ.Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:
- Трошокот-провизијата за регулаторниот надоместок спрема КХВ за надзор на ЦДХВ изнесуваат 10.840.860 МКД. Трошокот за провизијата на КХВ учествува со 26,20% во структурата на вкупните расходи. Во однос на реализираните расходи од дејност, надоместокот кој ЦДХВ го плаќа кон КХВ учествува со 51,05% како најголем трошок во неговата структура. Ако се погледне учество на трошокот за КХВ спрема вкупните приходи на Депозитарот реализирани во 2018 година, трошокот по овој основ изнесува 21,08% од вкупните приходи, што значи дека неговото учество е приближно ¼ од остварените приходи на ЦДХВ во 2018 година кои се одлеваат како трошок. КХВ.
- Материјалните и слични трошоци во 2018 година изнесуваат 1.532.312 МКД или 3.70% од вкупните расходи. Во овие трошоци спаѓаат канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци од Заеднички служби во Комплекс НБРМ, резервни делови, потрошен материјал, новини, списанија и стручна литература.
- Трошоците за услуги изнесуваат 3.109.247 МКД и истите учествуваат со 7,52% од вкупните расходи. Во делот на трошоците за услуги најголем дел опфаќаат трошоците за сервисни услуги за деловни активности инсталирање на Core system поврзани со имлементирањето на дистрибутивниот систем втора фаза и подготовка за интеграција на ИТ системите на ЦДХВ и МБХВ, инсталации на Symantec лиценци, поштенски, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, нотарски, адвокатски, консултански и интелектуални услуги, интернет услуги, комунална такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за заеднички служби на НБРМ, трошоците за финансиска ревизија и други.
- Трошоците за надомест за членови на Одбор на директори изнесуваат 1,033,354 МКД односно 2,50% од вкупните расходи. Во однос на трошоците по овој основ истите покажуваат процентен пораст од 72% во однос на 2018/2017 година, како и процентен пораст од 3% во однос на планираната проекција. Зголемувањето на трошоците за надомест за членови на Одбор на директори се резултат на Одлуката за исплата на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери одржано на 28-05-2018 година.
- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 503.142 МКД.Трошоците за службени патувања покажуваат пораст за 77% во 2018/2017 година како резултат на учество ЦДХВ на годишната конференција на АННА во Њујорк, Америка, како и учество на 4-тиот годишен Пост-трговскиот форум во Берлин, Германија. Трошоците по овој основ се во рамките на планираната проекција во финансискиот план. Трошоците за службени патувања претставуваат 1,21% од вкупните расходи.
- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 941.514 МКД и претставуваат 2,27% од вкупните расходи. Во однос на планираните трошоци за оваа намена имаме реализација со процентен пораст од 57% во однос на планираното,

како и процентен пораст од 252% во 2018/2017 година. Во рамките на трошоците по овој основ се трошоци за репрезентација, реклама, промоција за имплементирање на порталот на ЦДХВ, за спонзорство - за спортски реквизити во Домот за деца без родители „11 Октомври" од Скопје, спонзорство за Годишна конференција на Македонска Берза за хартии од вредност, како и донација за спортски клуб.

- Трошоците за осигурување изнесуваат 99,583 МКД и се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опрема, мебел, менаџерско осигурување како и осигурување за професионална одговорност на друштвото.Трошоците за осигурување учествуваат 0,24% во структурата на вкупните расходи. Реализацијата на трошоците за осигурување изнесува само 22% од предвидената проекција во Финансискиот план за 2018 година бидејќи истите се реализирани во Октомври 2018 година. Во однос на нивната реализација покажуваат зголемување од 646% во 2018/2017 година поради нереализирани трошоци за менаџерско осигурување и осигурување за професионална одговорност на друштвото во 2017 година.
- Реализацијата на другите трошоци во 2018 година изнесува 1.607.724 МКД и претставуваат 3,87% од вкупните расходи. Овие расходи во најголем дел се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), котизација за учество на 4-тиот годишен Пост-трговски форум во Берлин, Германија, членарина за бизнис картичка, судски и административни такси трошоци за набавка на еднократни лиценци поврзани со дистрибутивниот систем втора фаза и слично.Реализацијата на трошоците по овој основ покажува намалување од 15% во 2018/2017 година, како и намалување во однос на планираната проекција за 26%.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2018 година оствари добивка пред оданочување во износ од **10.052.018 МКД.**

Пресметаниот данок на добивка за 2018 година е пресметан во износ од **820.608 МКД** .Нето добивката за деловната година за 2018 година изнесува **9.231.410 МКД.**

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2018 година изнесува **100.987.737 МКД.** Во структурата на активата најликвидните средства во износ од 70.665.165 МКД (паричните средства, како и депозити во банки орочени на 1(еден) до 12(дванаесет) месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2018 година) учествуваат со 69,97%, од што произлегува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 22.801.709 МКД учествуваат со 22,57% од вкупната актива, а побарувањата од комитенти изнесуваат 6.766.183 МКД или 6,70% од вкупната актива. Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва во Р.Македонија, од побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември-2018 година како и од услугите извршени за Министерство за финансии на Република Северна Македонија (особено побарувањата за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината.

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2018 година изнесува **100.987.737 МКД.** Вкупните обврски на 31.12.2018 година изнесуваат 4.858.342 МКД. Во рамките на вкупните обврски се обврските спрема добавувачите кои изнесуваат 606.711 МКД, обврски по одложеното плаќање на трошоци и приходи во идни периоди од донација изнесуваат 2,369,035 МКД, обврската за данокот на добивка по годишна сметка за 2018 година во износ од 796.332 МКД , данок на додадена вредност која достасува

за плаќање во Јануари 2019 година во износ од 590.007 МКД, обврските по основ на пресметани провизии од банки 3.742 МКД и др. обврски за даноци и придонеси по основ на годишниот надоместок за Извршниот директор во износ од 492,515 МКД.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2018 година изнесуваат 96.129.395 МКД. Во рамките на капиталот и резервите запишаниот капитал изнесува 48.305.935 МКД, резервите 18.764.156 МКД, добивката за финансиската година 9.231.410 МКД и задржана добивка 19.827.894 МКД.

**Скопје,Март 2019 година**

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Гордана Дамеска**

ЦДХВ АД

# ПРИЛОГ 1

## БИЛАНС НА УСПЕХ

## за период од 01-01-2018 до 31-12-2018 година

| Приходи | 2017 | 2018 | Индекс 2018/2017 | Програма 2018 | Индекс 2018/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Приходи од камати** | **913,128** | **1,048,603** | **115** | **951,300** | **110** |
| **2.Приходи од провизии и надоместоци** | **37,400,212** | **47,613,484** | **127** | **41,386,308** | **115** |
| Надомест за прием на нови членки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Годишна членарина за членство | 950,025 | 608,016 | 64 | 950,025 | 64 |
| Приходи од порамнување на овластена берза | 10,489,966 | 21,750,146 | 207 | 14,000,000 | 155 |
| Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 176,000 | 96,000 | 55 | 160,000 | 60 |
| Приходи од годишен надомест за водење на евиденција за акциите, годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции, годишен надомест за водење на евиденцијата за акциите на издавач со пасивен статус | 14,383,086 | 14,181,736 | 99 | 13,942,283 | 102 |
| Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 2,056,103 | 2,210,780 | 108 | 2,024,000 | 109 |
| Приходи од упис на емисии | 1,664,000 | 1,520,000 | 91 | 1,760,000 | 86 |
| Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 6,819,989 | 5,937,931 | 87 | 7,500,000 | 79 |
| Приходи од физички лица лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 666,043 | 1,072,875 | 161 | 850,000 | 126 |
| Приходи од увид и копија во акционерски книги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 195,000 | 236,000 | 121 | 200,000 | 118 |
| **3.Останати приходи од дејност** | **1,764,219** | **2,760,190** | **156** | **3,270,304** | **84** |
| Приходи од донација | 1,235,008 | 1,569,886 | 127 | 2,070,246 | 76 |
| Приходи од амортизација од донација | 0 | 300,913 | н/а | 500,058 | 60 |
| Други приходи од дејност | 529,211 | 889,391 | 168 | 700,000 | 127 |
| **4.Нето добивка од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупни приходи** | **40,077,559** | **51,422,277** | **128** | **45,607,912** | **113** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

## за период од 01-01-2018 до 31-12-2018 година

| Расходи | 2017 | 2018 | Индекс 2018/2017 | Програма 2018 | Индекс 2018/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.Расходи од провизии и надоместоци** | **159,623** | **119,267** | **75** | **160,000** | **75** |
| Провизии од банки | 159,623 | 119,267 | 75 | 160,000 | 75 |
| **2.Нето загуба од курсни разлики** | **0** | **0** | **0** | 0 | **0** |
| **3.Трошоци вработени** | **14,196,074** | **15,931,941** | **112** | **15,000,000** | **106** |
| **4. Амортизација** | **1,398,518** | **2,598,105** | **186** | **3,007,067** | **86** |
| **5.Исправка на вредност на побарувања** | **1,239,403** | **1,483,324** | **120** | **1,500,000** | **99** |
| **6.Останати расходи од дејност** | **18,575,971** | **21,237,622** | **114** | **22,730,785** | **93** |
| Материјални и слични трошоци | 1,559,612 | 1,532,312 | 98 | 1,900,000 | 81 |
| Трошоци услуги | 2,209,218 | 3,109,247 | 141 | 3,200,000 | 97 |
| Провизија за КХВ | 10,505,592 | 10,840,860 | 103 | 10,840,866 | 100 |
| Одбор на директори | 600,012 | 1,033,354 | 172 | 1,000,020 | 103 |
| Трошоци за службени патувања | 284,936 | 503,142 | 177 | 500,000 | 101 |
| Трошоци за репрезентација,реклама, спонзорство и пропоаганда | 267,525 | 941,514 | 352 | 600,000 | 157 |
| Осигурување | 13,348 | 99,583 | 746 | 450,000 | 22 |
| Други трошоци | 1,900,720 | 1,607,724 | 85 | 2,169,653 | 74 |
| Расходи од донации | 1,235,008 | 1,569,886 | 127 | 2,070,246 | 76 |
| **7.Вкупни расходи** | **35,569,589** | **41,370,259** | **116** | **42,397,852** | **98** |
| **8.Добивка пред оданочување** | **4,507,970** | **10,052,018** | **223** | **3,210,060** | **313** |
| **9.Загуба пред оданочување** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **10.Данок од добивка** | **0** | **820,608** | **н/а** | **0** | **н/а** |
| **11.Добивка за финансиската година** | **4,507,970** | **9,231,410** | **205** | **3,210,060** | **288** |
| **12.Загуба за финанската година** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## на ден 31-12-2018 година

### АКТИВА

во денари

| Назив | 2017 | 2018 | 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **5,130,318** | **926,530** | **18** |
| **2.Кредит на и побарувања од банки и комитенти** | **63,423,901** | **76,504,818** | **121** |
| Депозити | 56,737,891 | 69,738,635 | 123 |
| Вложувања расположливи за продажба | 0 | 0 | 0 |
| Побарувања од комитенти | 6,686,010 | 6,766,183 | 101 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **1,804,395** | **2,995,701** | **166** |
| Нематеријални средства | 413,086 | 2,995,701 | 725 |
| Нематеријални средства во подготовка | 1,391,309 | 0 | n/a |
| **5.Материјални средства** | **21,682,372** | **19,806,008** | **91** |
| Материјални средства | 17,372,279 | 19,806,008 | 114 |
| Материјални средства во подготовка | 4,186,807 | 0 | n/a |
| Останати материјални средства | 123,286 | 0 | n/a |
| **6.Останати средства побарувања** | **331,873** | **287,607** | **87** |
| Побарувања за данок на добивка | 24,276 | 0 | 0 |
| Останати побарувања | 307,597 | 287,607 | 94 |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **137,395** | **390,602** | **284** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **92,586,725** | **100,987,737** | **109** |

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## на ден 31-12-2018 година

**ПАСИВА**

во денари

| Назив | 2017 | 2018 | Индекс 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **5,688,740** | **4,858,342** | **85** |
| Останати обврски | 862,846 | 606,711 | 70 |
| Обврски по данок на добивка | 0 | 796,332 | n/a |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 4,825,894 | 3,455,299 | 72 |
| **2.Капитал и резерви** | **86,897,985** | **96,129,395** | **111** |
| Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | **100** |
| Резерви | 27,256,186 | 18,764,156 | **69** |
| Добивка за финансиската година | 4,507,970 | 9,231,410 | **205** |
| Загуба за финансиката година | 0 | 0 | **0** |
| Задржана добивка | 6,827,894 | 19,827,894 | 290 |
| **ПАСИВА** | **92,586,725** | **100,987,737** | **109** |

## ПРИЛОГ 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2018 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА, ИЗВОЗ-УВОЗ ЦОМА-МОЛ АД СТРУГА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 02.01.2018 | 31.685 ОБИЧНИ АКЦИИ | 316.850,00 ДЕМ |
| ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И ТРГОВИЈА, ИЗВОЗ-УВОЗ ЦОМА-МОЛ АД СТРУГА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 02.01.2018 | 4.994 ПРИОРИТЕТНИ ПАРТИЦИПАТИВНИ АКЦИИ | 49.940,00 ДЕМ |
| ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ ПОБЕДА АД ПРИЛЕП | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 06.02.2018 | 25.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000,00 ЕВРА |
| ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ АИТОНИКС АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 19.07.2018 | 2.500 ОБИЧНИ | 25.000,00 ЕВРА |
| АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ ГРАДСКИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ-СКОПЈЕ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 08.08.2018 | 2.500 ОБИЧНИ | 250.000,00 ЕВРА |
| ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ РАКОМЕТЕН КЛУБ БУТЕЛ СКОПЈЕ АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 20.08.2018 | 25.000 ОБИЧНИ | 25.000,00 ЕВРА |
| ДРУШТВО ЗА СПОРТСКИ ДЕЈНОСТИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ БЕЛАСИЦА АД СТРУМИЦА | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 18.09.2018 | 4.750 ОБИЧНИ | 47.500,00 ЕВРА |
| ДРУШТВО ЗА КОНСАЛТИНГ УСЛУГИ ЦЕНТРАЛ СИТИ | ОСНОВАЧКИ АКЦИИ | 09.10.2018 | 33.825 ОБИЧНИ | 3.382.500,00 МКД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ИНВЕСТМЕНТ ГРУП АД СКОПЈЕ | | | | |

Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2018 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **Број на новоиздадени хартии од вредност** | **Вкупна вредност на емисијата** |
|---|---|---|---|---|
| МЕР АД СКОПЈЕ | ПЕТТА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 24.01.2018 | 10.390. ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.039.000,00 ЕВРА |
| ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | 12-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 19.02.2018 | 77.764 ОБИЧНИ АКЦИИ | 430.501.504,00 МКД |
| НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП АД ТЕТОВО | ВТОРА ЕМИСИЈА-ПРИВАТНА ПОНУДА | 12.04.2018 | 43.494 ОБИЧНИ АКЦИИ | 2.174.700,00 ЕВРА |
| ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | 13-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 28.06.2018 | 61.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 615.000.000,00 МКД |
| МАКЕДОНСКО КРЕДИТНО БИРО АД СКОПЈЕ | ВТОРА-ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 11.07.2018 | 1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 100.000,00 ЕВРА |
| ХАЛК БАНКА АД - СКОПЈЕ | 14-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 24.08.2018 | 93.312 ОБИЧНИ | 933.120.000,00 МКД |
| МЕР АД СКОПЈЕ | 6-ТА ЕМИСИЈА ПРИВАТНА ПОНУДА | 11.09.2018 | 58.540 ОБИЧНИ | 5.854.000,00 ЕВРА |
| ФРУКТАЛ МАК АД СКОПЈЕ | ТРЕТА ЕМИСИЈА-ЈАВНА ПОНУДА | 25.12.2018 | 783.000 ОБИЧНИ | 4.001.130,00 ЕВРА |

Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2018 година

| |
|---|
| ВИНЕА-ФАРМ АД ВИНИЦА |
| ЕУРОКОМПЈУТЕР СИСТЕМС-ЕЦС АД СКОПЈЕ |
| ЈАКА 80 АД РАДОВИШ |
| МАШИНОПРОМЕТ АД СКОПЈЕ |
| ТОПЛИФИКАЦИЈА АД СКОПЈЕ |
| ВИНКА-НЕТ АД ВИНИЦА |

Акционерски друштва кои во 2018 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба.

| |
|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОЧАРСКИ КОМБИНАТ СТРУМИЦА АД СТРУМИЦА |
| ПРОГРЕС АД ПЕХЧЕВО |

Акционерски друштва кои во 2018 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради бришење во Ц.Р.

| |
|---|
| АЛИЈАНСА СТОБИ АД КАВАДАРЦИ |
| ВИНОЈУГ-МОИН АД ГЕВГЕЛИЈА |
| ЗАСТАВА МАК АУТО АД СКОПЈЕ |
| ВИДЕО ИНЖЕНЕРИНГ АД ОХРИД |
| ЖАС БУС АД ГОСТИВАР |
| ПРВИ МАЈ АД КУМАНОВО |
| ТИКВЕШ ЕКСПРЕС АД КАВАДАРЦИ |

Акционерски друштва кои во 2018 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај, или укинато решение за бришење од Ц.Р.

| |
|---|
| ИНДУСТРИСКИ ЛАДИЛНИК АД ТЕТОВО |
| ЗИК СКАЧКОВЦЕ АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2018 година издале корпоративни обврзници.

| |
|---|
| / |

Акционерски друштва кои во 2018 година извршиле намалување на основна главнина на друштвото.

| |
|---|
| ЛИХНИДА АД ОХРИД |
| СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ |

Акционерски друштва кои во 2018 година извршиле поништување на сопствени акции со зголемување на номинална вредност на акциите.

| |
|---|
| АГРОМЕХАНИКА АД СКОПЈЕ |